20262524527

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 октомври 2026 година, донесе

УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 27/26, 58/26, 103/26, 133/26 и 160/26), во членот 3 ставот (23) се менува и гласи:

„Вкупниот максимален износ на директни плаќања за подмерка по корисник, пресметан во зависност од големината на површината на земјоделско земјиште, единицата земјоделски производ, бројот на грла добиток и влезните елементи во производството, одделно за секоја подмерка од членот 2 од оваа уредба, е следен:

Бр. на подмерка	Назив на подмерката	Максимална поддршка по корисник во денари до:
1.1.	Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за поледелски култури	5.000.000
1.2.	Директни плаќања по обработлива површина за лозови насади	5.000.000
	Директни плаќања по обработлива површина за овошни насади	3.000.000
1.3.	Директни плаќања по обработлива површина за градинарски култури на отворено и во пластеници	1.500.000
1.4.	Директни плаќања по обработлива површина за градинарски култури во контролирани услови	2.500.000
1.5.	Директни плаќања за површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред	200.000
1.6.	Директни плаќања за одржување на ливади	200.000
1.7.	Директни плаќања за обележани	2.000.000

	женски грла говеда на возраст од 18 до 180 месеци	
1.8.	Директни плаќања за обележани женски грла говеда на возраст од 6 до 18 месеци	550.000
1.9.	Директни плаќања за обележани грла овци постари од 12 месеци	5.000.000
1.10.	Директни плаќања за обележани грла кози постари од 12 месеци	1.000.000
1.11.	Директни плаќања за женски приплодни грла свињи маторици	6.500.000
1.12.	Директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство	500.000
2.1.	Дополнителни директни плаќања за земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности (ПОМ)	400.000
2.2.	Дополнителни директни плаќања за одделни категории носители на земјоделско стопанство	350.000
2.3.	Дополнителни директни плаќања за зголемен пријавен број на грла во основно стадо (говеда, овци и кози) во однос на бројот за кој е одобрена финансиска поддршка од претходната календарска година за подмерките 2.1., 2.6. и 2.7. од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година	1.500.000
2.4.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.12. од оваа уредба за пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици	300.000
2.5.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.12. од оваа уредба за лабораториска анализа на физички и хемиски својства на мед	50.000
3.1.	Директни плаќања за договорен и продаден ориентален ароматичен необработен тутун од реколта 2025 година	5.000.000
3.2.	Директни плаќања за овошје предадени во преработувачки капацитети	2.000.000
	Директни плаќања за зеленчук предадени во преработувачки капацитети	3.500.000

3.3.	Директни плаќања за производство на семенски материјал за пченица, јачмен, ориз, тритикале и добиточен грашок	10.000.000
3.4.	Директни плаќања за производство на семенски материјал за тутун	1.500.000
3.5.	Директни плаќања за произведено и предадено кравјо, овчо и козјо млеко	7.000.000
3.6.	Директни плаќања за одгледани и предадени или заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет	1.600.000
3.7.	Директни плаќања за предадени или заклани гоеници во регистрирани кланични капацитети	20.000.000
3.8.	Директни плаќања за одгледани и предадени или заклани бројлери во регистриран кланичен капацитет	15.000.000
3.9.	Директни плаќања за амортизирани несилки предадени или заклани во регистриран кланичен капацитет	8.000.000
3.10.	Директни плаќања за произведени и продадени еднодневни бројлерски пилиња и еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди	2.000.000
4.1.	Директни плаќања за набавка на лозов и овошен саден материјал	240.000
4.2.	Директни плаќања за набавка на посадочен материјал за пипер, домат и краставица	5.000.000
4.3.	Директни плаќања за вештачко осеменување на женско говедо и добиено теле	260.000

“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-8083/11
27 октомври 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.